Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), член 109 став (13) од Законот за општата управна постапка* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 8 февруари 2024 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за уважување на приговор

1. Приговорот на Бранко Ѓорески од Охрид УП2 09-371/23 од 22 декември 2023 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-631 од 28 ноември 2023 година СЕ УВАЖУВА.

2. Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-631 од 28 ноември 2023 година СЕ ПОНИШТУВА.

3. СЕ ЗАДОЛЖУВА Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје да издаде Решение за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа преку нестандарден приклучок.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Бранко Ѓорески од Охрид до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-371/23 од 22 декември 2023 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) бр. 11-631 од 28 ноември 2023 година на КЕЦ Охрид, издадено поради непостоење на технички услови за приклучок за пумпа за наводнување.

Жалителот потенцира дека за Приговори од неколку жалители од истиот регион, се донесени Решенија за уважување на Приговорите. Исто така, во близина има уште 13 други потенцијални баратели за приклучок на пумпи за наводнување на земјоделски земјишта.

Според Електродистрибуција – потенцијални баратели за кои е издадено Мислење за одобрение или Решение за легализација или кои се во постапка нема. Локацијата се наоѓа на страната од езерото од Регионалниот пат за св. Наум. Во тој дел нема мрежа на Електродистрибуција и истата треба да се развие и догради. Во зелениот појас има постоечки кабел. Потребно да се копа низ Регионалниот пат и да се развие мрежа во должина од околу 80 метри како би се создале услови за приклучок.

Постоечката нисконапонска мрежа е напојувана од трансформаторска станица - ТС Горица која е оптоварена 20%. Падот на напон е околу 4%.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 16 јануари 2024 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-371/23 од 22 декември 2023 година,
2. Одговор на Приговор и Дополнителни докази од ЕВН од 5 јануари 2024 година со прилог:

-Барање за согласност за приклучок

-Имотен лист

-Приговараното Решение

-Потврда за потреба од пумпа за наводнување на земјиште

-GIS скица.

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е основан.

Имено, жалителот поседува комплетна документација потребна за реализација на нестандарден приклучок, во подрачје со други потенцијални баратели на приклучок.

Согласно член 93 став (2) од Законот за енергетика (Службен весник на РМ бр. 96/18 и Службен весник на РСМ бр. 96/19 и 236/22) операторот на електродистрибутивниот систем е одговорен за одржување, надградување и проширување на електродистрибутивната мрежа како и за функционирање на електродистрибутивниот систем и е должен да обезбеди негово поврзување со електропреносниот систем.

Согласно став (3) точка 2) од истиот член, операторот на електродистрибутивниот систем, во согласност со овој закон и прописите и правилата донесени врз основа на овој закон, е должен да обезбеди сигурна, безбедна и квалитетна дистрибуција и испорака на електрична енергија преку електродистрибутивниот систем со којшто управува, на недискриминаторен и транспарентен начин, и во согласност со пропишаниот квалитет.

Согласно став (3) точка 3) од истиот член, операторот на електродистрибутивниот систем, во согласност со овој закон и прописите и правилата донесени врз основа на овој закон, е должен да ги приклучи производителите и потрошувачите на електродистрибутивниот систем со кој управува во економско-технички оптимални точки, како и да овозможи пристап на трета страна за користење на електродистрибутивниот систем

Членот 39 од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија (Службен весник на РСМ бр. 191/19 и 101/22) гласи:

(1) Објектите на корисниците на дистрибутивната мрежа се приклучуваат преку приклучок на дистрибутивната мрежа, кој може да биде стандарден или нестандарден приклучок.

(2) Стандарден приклучок е приклучок на низок или среден напон при што објектот кој се приклучува се наоѓа на подрачје кое е опфатено со детален урбанистички план (ДУП), или урбанистички план за одбивање на барање на село (УПС) или урбанистички план вон населено место (УПВНМ) и е исполнет еден од условите:

1) одобрената максималната едновремена моќност на приклучокот е помала или еднаква на 400 kW;

2) сите колективни станбени, деловни и станбено-деловни објекти, без оглед на одобрената максималната едновремена моќност на приклучокот

(3) По исклучок на став (2), стандардни приклучоци на нисконапонска мрежа се и приклучоци за објекти чија што максимална едновремена моќност е помала или еднаква на 11 kW и не се опфатени со локална урбанистичко-планска документација (ЛУПД), а во подрачјето каде се наоѓа објектот за кој се бара приклучок има и други постоечки корисници и/или потенцијални баратели на приклучок.
(4) По исклучок на став (2) стандардни приклучоци на нисконапонска мрежа се и приклучоци за објекти за кои е издадена локална урбанистичко-планска документација (ЛУПД), а се наоѓаат во подрачје опфатено со детален урбанистички план (ДУП), или урбанистички план за одбивање на барање на село (УПС) или урбанистички план вон населено место (УПВНМ).
(5) Сите останати приклучоци кои не ги исполнуваат условите од став (2), став (3) и став (4) на овој член се нестандардни приклучоци.

Имајќи го предвид горенаведеното, како и фактот дека постои можност за реализација на приклучок а жалителот поседува комплетна документација, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр.09–371/23**
**8 февруари 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**